ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА*

**Скопје, март 2007**

# *ВОВЕД*

Врховниот суд на Република Македонија, како највисок суд, своите функции и надлежности во текот на 2006 година ги вршеше во согласност со Уставот на Република Македонија и Законот за судовите и решаваше по вонредните правни лекови во кривичната и граѓанската област и во прв степен во управната област, по тужбите за оценка на законитоста на конечните управни акти на органите на управата.

Согласно со член 35 од Законот за судовите, во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на Општата седница и седниците на судиите, но и во други, бројни активности, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, и ратификуваните меѓународни договори.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, кој е воедно и Претседател на Судскиот буџетски совет и секторот за судски буџет, согласно со Законот за судскиот буџет, ги остварија надлежностите за реализирање на судскиот буџет за финансирање на судската власт.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија во 2006 година е изразена преку податоците за постапување по конкретни предмети, како и други активности и мерки, што ги преземаше како највисок суд во државата.

## I. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ

Во Врховниот суд на Република Македонија во 2006 година биле примени вкупно **5.855** нови предмети или **463** (8,6%) предмети повеќе во однос на претходната година, кога биле примени **5.392**. Заедно со нерешените предмети од претходните години **5.137,** во работа биле вкупно **10.992** предмети. Во извештајната година решени се **6.009** предмети (54,7%), со што не е совладан приливот на новите предмети за 846 предмети. Останале нерешени **4.983** (45,3%) предмети.

Од нерешените **4.983** предмети, **70** (1,4%) се од Одделот за казниви дела, **1.422** (28,5%) се од Одделот за граѓански дела и **3.491** (70,1%) се од Одделот за управни спорови.






## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### 1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Во овој Оддел, биле примени **781** нови предмети или за **90** (13%) предмети повеќе во однос на претходната година, кога биле примени 691 предмети. Во работа во овој оддел во 2005 година биле вкупно **840** предмети, решени се **770** (91,7%) предмети, а на крајот на годината останале нерешени **70** (8,3%) предмети.






**Структура на решени предмети**

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда -Квп вкупно 357, состојбата е следна:

-35 предмети за кривично дело -Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од член 300;

-34 предмети за кривично дело - Тешка кражба од член 236;

-32 предмети за кривични дела - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од член 215;

-21 предмети за кривично дело - Тешка телесна повреда од член 131;

-21 предмети за кривично дело - Убиство од член 123;

-18 предмети за кривично дело - Измама од член 247;

-17предмети за кривично дело - Фалсификување на исправа од член 378;

-16 предмети за кривично дело -Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи;

-11 предмети за кривично дело - Разбојништво од член 237;

-11 предмети за кривично дело - Злоупотреба на службена положба од член 353;

-9 предмети за кривично дело - Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти од член 418-а и член 418-б;

-8 предмети за кривично дело - Насилство од член 386;

- 8 предмети за кривичното дело - Примање поткуп од член 357;

-7 предмети за кривичното дело-Предизвикување општа опасност од член 288;

-6 предмети за кривичното дело - Даночно затајување од член 279;

-6 предмети за кривичното дело - Фалсификување пари од член 268;

-6 предмети за кривичното дело - Телесна повреда од член 130;

-5 предмети за кривичното дело - Затајување од член 239:

-5 предмети за кривичното дело-Овозможување на употреба нарkторични дроги од член 216;

-5 предмети за кривичното дело-Полов напад врз дете од член 188;

-5 предмети за кривично дело - Силување од член 186;

-4 предмети за кривично дело - Убиство од небрежност од член 126;

-4 предмети за кривично дело - Учество во тепачка од член 132;
-4 предмети за кривично дело - Обљуба врз немоќно лице од член 187;
-4 предмети за кривично дело - Посредување во проституција од член 191;
-4 предмети за кривично дело - Кражба од член 235;
-4 предмети за кривично дело - Криумчарење од член 278;
-4предмети за кривично дело - Загрозување на безбедноста во сообраќајот од член 297;
-4 предмети за кривично дело - Спречување службено лице во вршење на службена дејност од член 382;
-3 предмети за кривично дело - Одземање туѓи предмети од член 141;
-3 предмети за кривично дело - Оштетување туѓи предмети од член 243;
-2 предмети за кривично дело - Неплаќање издршка од член 202;
-2 предмети за кривично дело - Изнуда од член 258;
-2 предмети за кривично дело - Тешки дела против општата сигурност од член 292;
-2 предмети за кривично дело - Проневера во службата од член 354;
-2 предмети за кривично дело од член 60 од Законот за акцизи;
-по 1 предмет за кривичните дела:

Повреда на тајноста на писмата или други пратки од член 147, Спречување на избори и гласање од член 158, Изборна измама од член 165, Обљуба со злоупотреба на положбата од член 189, Родоскврнавење од член 194, Оштетување туѓи права од член 244, Оштетување станбени и деловни згради и простории од член 245, Незаконит лов од член 228, Уцена од член 259, Издавање чек без покритие и злоупотреба на кредитна картичка од член 274, Комар од член 398, Тероризам од член 313, Казнување за најтешки форми на кривични дела од член 327, Самоволно оддалечување и бегство од вооружените сили од член 344, Послужување во службата од член 356, Фалсификување службена исправа од член 361, Посебни случаи на фалсификување исправа од член 379, Напад врз службено лице при вршење работи од безбедноста од член 383, Едно кривично дело од член 129 од Законот за градба, Едно кривично дело од член 123 од Законот за јавен ред и мир и Четири кривични дела од Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Од вкупно решените 357 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, по бројот на предметите и осудените лица состојбата е следна:

**303** предмети со**1** обвинето лице;
**34** предмети со **2** обвинети лица;
**16** предмети со **3** обвинети лица;
**2** предмет со **4** обвинети лица;
**1** предмет со **5** обвинети лица; и
**1** предмет со **6** обвинети лица.

**НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ**

- ***ВКЖ,*** од вкупно решените 19 предмети, во 12 случаи жалбите се одбиени како неосновани, а второстепените пресуди се потврдени, во 4 случаи жалбата е уважена и 3 предмети се решени на друг начин.

-***КВП,*** од вкупно решените 357 барања за вонредно преиспитување на правосилни пресуди 269 се одбиени, 13 уважени, а отфрлени и решени на друг начин се 75 барања.

-***ВУК***, од вкупно решените 303 барања за вонредно ублажување на казната, 288 се одбиени, 11 се уважени, а 4 барања се решени на друг начин.

-***КЗЗ***, од вкупно решени 36 барања за заштита на законитоста, 24 се уважени, а
12 се одбиени како неосновани.

-***КР***, од вкупно решените 55 барања за определување месна надлежност, 18 се уважени, а 37 барања се одбиени.

**ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

По однос на времетраењето на постапката во 2006 година пред Врховниот суд на Република Македонија, од нивното доаѓање до нивното решавање, состојбата е следна:

***КВП***-до 1 месец 84 предмети; до 2 месеци 111 предмети; до 3 месеци 79 предмети; до 4 месеци 45 предмети; до 5 месеци 21 предмет; до 6 месеци 8

предмети; до 7 месеци 4 предмети; до 8 месеци 3 предмети; до 11 месеци еден предмет и преку една година еден предмет;

***Вкж***- до 1 месец 12 предмети; до 2 месеци 2 предмети; до 3 месеци еден предмет; до 4 месеци еден предмет; до 7 месеци 2 предмети и до 9 месеци еден предмет;

***Вук***-до 1 месец 134 предмети; до 2 месеци 96 предмети; до 3 месеци 57 предмети и до 4 месеци 16 предмети;

***Кзз***-до 1 месец 9 предмети; до 2 месеци 13 предмети; до 3 месеци 10 предмети; до 4 месеци 3 предмети и до 5 месеци еден предмет;

***Кр***-до 1 месец 32 предмети; до 2 месеци 15 предмети; до 3 месеци 6 предмети и до 4 месеци 2 предмети.

Видно од погоре изнесеното и прикажаното во табелата за времетраење на постапката може да се констатира дека во 2006 година ажурно се постапувало по сите видови на предмети. По одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда, доставени докази во фотокопии и сл.).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен Вкж, нормално е да постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а потребно било време и за закажување и одржување на седниците на советот.

Некои од предмети во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се враќаат на судовите или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата на кого му бил распределен предметот со преписка со органот од кого е добиен предметот.

Меѓутоа, може со сигурност да се каже дека кај сите предмети кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, а тоа се вкупно 11 предмети, исклучива причина е што овие предмети биле враќани административно до судовите за комплетирање на списите и повторно враќани во Врховниот суд, а со тоа и постапката се одолговлекувала.

## 2.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во овој Оддел во 2006 година биле примени нови **1.635** предмети или **250** (18%) предмети повеќе во однос на претходната година. Заедно со затечените предмети од претходните години **1.011,** во работа биле вкупно **2.646** предмети од кои на крајот на годината биле решени **1.224** (46,3%), односно повеќе **242** предмети од минатата година. На крајот на годината останале нерешени **1.422** (53,7%) предмети.

Во целост е совладан заостатокот од претходните години и решени се **213** предмети од новопримените, што укажува на зголемен ангажман на судиите и советниците во Одделот. Во 2006 година останале нерешени **1.422** предмети или за **411** предмети повеќе од 2005 година кога останале нерешени **1.011** предмети што се должи на зголемениот број на ново примени предмети.






**Структура на решени предмети**

Гледано према правните основи во ревизиите кои биле на решавање во Одделот за граѓански дела во 2006 година, може да се констатира различност. Така, најмногубројни се по основ работни спорови **571** предмети или **66,55%**, потоа по основ на долг **86** предмети или **10%**, за надомест на штета **80** предмети или 9,32%, по основ сопственост и владение **48** предмети или **5,6%**, поништување и раскинување на договор **17** предмети или **2%**, неосновано збогатување **17** предмети или **2%**, издршка **16** предмети или **1,9%**, развод на брак **11** предмети или **1,3%**, други спорови **8** предмети или **0,93%** и станбени спорови **4** предмети или **0,5%.**

Кај барањето за заштита на законитоста, најмногубројни се предметите по основ надомест на штета **71** или **25,82%**, работни спорови **70** или **25,45%**, сопственост и владение **53** или **19,3%**, долг **44** или **16%**, поништување и раскинување на договор **19** или **6,9%**, други спорови **9** или **3,3%** и по основ на неосновано збогатување **9** или **3,3%.**

Причина за голем број на предмети по основот работен спор по вонредни правни лекови, претставува економската состојба во земјата, поради пропаѓање на фирми поради отворање на стечај, како и поради намалување на бројот на работници кај повеќе работодавачи како резултат на економски, структурални и слични промени. По другите основи бројот на предметите се движи во вообичаената бројка како во претходните години.

**Начин на одлучување**

Од вкупниот број граѓански предмети **2.646** кои биле во работа во 2006 година, по ревизија се **2.089** предмети односно 79%, а од овие решени се **858** или 41,67%. Од решените **858** предмети по ревизија (41,67%):

-88 од нив се преправени (10,25%),

-84 од ревизиите се уважени и укинати побиваните одлуки (9,8%),

-516 ревизии се одбиени (60%),

-123 ревизии се отфрлени (14,3%)

-47 од ревизиите се решени на друг начин (5,5%).

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2001 година 59,4%, во 2002 година 61,6%, во 2003 година е 45,16%, во 2004 година 38,6%, во 2005 година 40,33% и во 2006 година 60%.

Од овие бројки се гледа дека процентот на одбиените ревизии во 2006 година како неосновани споредбено со претходните години, освен во 2004 година е зголемен, што значи дека е зголемен квалитетот во работата на апелационите судови.

Во текот на 2006 година биле решени 275 предмети по барање за заштита на законитоста. Од решените **275 предмети по барања за заштита на законитоста**

-90 од нив се уважени и укинати побиваните судски одлуки (32,7%),

-95 барања се уважени и преправени судските одлуки (34,50%),

-77 барања се одбиени (28%) и

-13 барања се решени на друг начин (4,73%).

Одделот за граѓански дела одлучувал и во предмети за **судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство** од кои во работа биле вкупно **95** предмети, а од нив се решени **91** предмети или 95,8%, а останале нерешени **4** или 4,2%.

**Траење на постапката**

Во 2006 година од вкупно решени **1.224** предмети траењето на постапката

-над 6 месеци била кај 921 предмети,

-од 3 до 6 месеци кај 118 предмети,

-од 1 до 3 месеци кај 79 предмети и

-до 1 месец кај 106 предмети.




Судиите во Одделот за граѓански дела, беа распоредени и работеа по предмети во посебните совети во Одделот за управни спорови, како и по изборни предмети.

## 3.ОДДЕЛ ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ

Во овој Оддел во 2006 година биле примени нови **3.439** предмети или 785 предмети повеќе во однос на претходната година, кога биле примени **2.654** предмети. Заедно со нерешените предмети од претходните години **4.067** во работа биле **7.506** предмети, од кои на крајот на годината решени се **4.015**(53,5%) предмети или **937** предмети повеќе во од претходната година, а останале нерешени **3.491** (46,5%) предмети.






**Структура на решени предмети по области**

Во текот на 2006 година од вкупно решените предмети:

**-по управни тужби 3.899 предмети;**

-најголем дел се од областа на даноците **676** предмети;

-права од  социјална заштита **640** предмети;

-права по основ на невработеност **371** предмет;

-здравствено осигурување **360** предмети;

царини **337** предмет;

-инвалидска пензија **251** предмети;

-денационализација **227** предмети;

-катастар **227** предмети;

-урбанизмот и градежништвото **194** предмети;

-старосна пензија **122** предмети;

-оружје **106** предмети;

-азил **84** предмети;

-возила **36** предмети;

-државјанство **30** предмети;

-земјоделска пензија **14** предмети.

**Начин на одлучување**

Од одлучените **3.899** предмети по **управни тужби**, тужбите се уважени во **1.667** предмети (42,8%), одбиени како неосновани во **1.780** предмети (45,7%), отфрлени во **319** предмети (8,2%) и постапката е запрена во **133** предмети (3,4%).



Податоците од оваа како и од претходната година во однос на уважените тужби ја покажува глобалната состојба на законитоста на актите што се оспорени во управен спор, при што може да се констатира дека состојбата и натаму е неповолна, иако податокот за 42,75% уважени тужби, претставува извесно зголемување на процентот на интервенции во однос на минатата година (21,68%).

Од вкупниот број заведени управни спорови во 2006 година, 145 се врз основа на член 26 од Законот за управните спорови, поднесени поради тоа што органите во роковите определени со закон не одлучиле по барањата и жалбите на странките. Во оваа година зголемен е бројот на овие предмети во однос на минатата година, кога биле заведени 108 предмети.

Од одлучените **41** предмет по поднесените **барања по член 64** од Законот за управните спорови, барањата се одбиени во **9** предмети, уважени во **5** предмети, запрени во **15** предмети и отфрлени во **12** предмети.

Од одлучените **19** предмети по **барањата за заштита на законитоста (Узз)**, барањето е одбиено во **18** предмети, а во **1** предмет е уважено.

Во 2006 година заведени се вкупно **45 изборни предмети (Урп)** и сите се решени. Во **33** предмети жалбата е одбиена, а во **12** предмети жалбата е уважена.

Во 2006 година по **вонредни преиспитување на пресудите на основните судови во управно-сметководствени спорови (Увиу)**, се заведени **3** предмети, а од претходната година останале нерешени **7** предмети. Од вкупно во работа **10** предмети, решени се сите **10** предмети од кои **8** се одбиени, а **2** се уважени.

**Траење на постапката**

Постапката по тужбите за управен спор во 2006 траела: до 3 месеци за **744** предмети; од 3 до 6 месеци за **1.585** предмети и над 6 месеци за **1.570** предмети.



## II. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 35 од Законот за судовите) И СЕДНИЦА НА СУДИИ

Согласно со член 35 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2006 година има одржано **единаесет (11) Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања.

1.Општата седница донела одлуки по деветнаесет (19) барања за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на Република Македонија, подигнати против пресудите на советите во Одделот за управни спорови.

2.Утврдено е мислење за постоење причини за разрешување на четири судии.

3.Дадено е мислење по Предлогот за донесување на Законот за судови.

4.Дадено е мислење по Предлогот за донесување на Закон за Судскиот совет на Република Македонија.

5.На посебна Општа седница е утврдено мислење по Предлогот за донесување на Законот за судови и Предлогот за донесување на Закон за Судскиот совет на Република Македонија.

6.Разгледан е и усвоен Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2005 година.

7.На проширена Општа седница во два дена се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2005 година.

8.На посебна Општа седница усвоени се Оценките и заклучоците за работата на судовите во Република Македонија за 2005 година.

9.Исто така на Општа седница е усвоена Одлуката за начинот на изборот на судии во совети од петмина, по пат на ждрепка, во постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за 2005 година.

10.Назначени се двајца членови и нивни заменици во Управниот одбор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2006 година има одржано **неколку Седници на судии** на кои се разгледувале следните поважни прашања:

1.Претходно мислење за утврдување Распоред за работа на Врховниот суд на Република Македонија за 2006 година.

2.Одржани се две Седници на судии на кои се разгледувани тековни прашања за работата на Врховниот суд на Република Македонија.

3.Одржана е Седница на судии во врска со прашањето за определување четворица претставници од Врховниот суд на Република Македонија за членови за спроведување на првиот избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

## III.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Судии на Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2006 година, покрај предметната ангажираност учествуваа и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања.

Во тој контекст, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари бројни средби со меѓународни делегации кои се запознати со работата на Судот и со реформите на судскиот систем.

## IV. РАБОТА ВО ВРСКА СО ПРЕТСТАВКИТЕ И ДРУГИТЕ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2006 година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно 1.350 поднесоци. Од нив 763 се барања за побрзо решавање на предметите, 32 се барања за потврди за заведени управни спорови, 24 барања за прием кај Претседателот, 190 претставки и 341 други поднесоци.

Претставките најчесто се однесуваат на долгото траење на постапките пред основните судови, како и на работата и однесувањето на поедини судии и претседатели. Во значителен број на претставки се изразува незадоволство и од други институции. Голем број на поднесоци не се однесуваат на судските постапки, а странките ги доставуваат истите до повеќе институции и за тоа писмено го запознаваат Врховниот суд.

Во 45 случаи, до Судот се обратил Народниот правобранител, во 25 случаи Министерството за правда и во 10 случаи Хелсиншкиот комитет за човекови права.

На сите претставки, Врховниот суд одговорил и постапил по Законот за судовите и Судскиот деловник.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно 763 барања за приоритетно решавање, одобрил 80, од тоа 49 се за предмети во управна постапка, 12 приоритети се одобрени за поднесени ревизии и 19 барања за заштита за законитоста во граѓанска постапка.

Одреден број на странки да се обраќаат повеќе пати со поднесоци за ист предмет или иста правна работа. Најчесто, барањата се преуранети или се со неосновани забелешки, а во повеќето случаи и со идентична содржина на претходните.

По сите ургенции и претставки е постапено.

Примени се две барања по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Истите се решени во законски рок.

## V. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1**.Во Врховниот суд на Република Македонија од вкупно 10.992 предмети во работа во 2006 година, решени се 6.009 предмети, а останале нерешени 4.983 предмети. Неефикасноста и понатаму сериозно е изразена во областа на управните спорови кои воглавно со 70,1% го сочинуваат фондот на нерешени предмети на ниво на Судот.

**2.**Одделот за казниви дела извештајната 2006 година ја завршил ефикасно. Остатокот од 70 нерешени предмети се должи на фактот што поголемиот број се примени во последните два месеци од извештајната година.

**3.**Во Одделот за граѓански дела во извештајната 2006 година се решени 1.224 предмети, односно 296 предмети повеќе споредено со 2005 година кога биле решени 982 предмети. Тоа е резултат на зголемена ангажираност на судиите и советниците.

Зголемениот број на нерешени предмети за 411 во споредба со 2005 година, се должи на зголемениот обем на работа, односно зголемениот број на новопримени предмети.

**4.**Во Одделот за управни спорови во извештајната 2006 година се решени 4.015 предмети, односно 525 предмети повеќе споредено со 2005 година кога биле решени 3.490 предмети. Тоа е резултат на зголемена ангажираност на судиите и советниците.

**5.**Заради остварување на уставната функција и надлежност на Врховниот суд на Република Македонија, за обезбедување на единствена примена на законите од страна на сите судови во Републиката и воедначување на судската пракса, потребно е во текот на целата година да се остваруваат посети на основните и апелационите судови.

**6.**Да се продолжи со изработување на сентенци кои ќе бидат одобрени на седница на одделите, заради објавување на истите на Њеб страницата на Врховниот суд на Република Македонија-судска пракса.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**